СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 22 број 10	Чешиново-Облешево 13.07.2026 година	Излегува по потреба

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 07.07.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За постапување по решение број 10-2442/1 од 06.07.2026 год. Од АХВ и одредување на локација за сточни гробишта, од времен карактер

Член 1

На седницата беа донесени следните заклучоци:

1. Општинската администрација со инспекторот за животна средина да пронајде безбедна локација за закопување на угинатите животни
2. Да се обезбеди механизација и транспорт
3. Во соработка со АХВ да се обезбеди сигурна дислокација на угинатите животни и по насоки на инспекторите да се изврши безбедно затрупување односно нештетно отстранување на мршите од овците и козите кои угинале или се убиени, простирката цврстото и течното ѓубре за кои постои сомнение дека се контаминирани, како и храната за животни под официјален надзор.

Член 2

Се одредува локација за сточни гробишта, од времен карактер, за закопување на овци и кози заболени од болеста „сипаници кај овци и кози“.

За локација, согласно член 1 од оваа Одлука се одредува: Имотен бр. 218, број на парцела 2460/1, со површина од 5386 м2 м.в. Гори Сирк КО Соколарци, во сопственост на Република Македонија.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина ЧешиновоОблешево.

Бр.08-1326/1
01.07.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за постапување по решение број 10-2442/1 од 06.07.2026 година од АХВ и одредување на локација за сточни гробишта, од времен карактер

1.Ја прогласувам Одлуката за одредување на локација за сточни гробишта, од времен карактер, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 07.07.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-1347/1
01.07.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

СОДРЖИНА Стр.

1. **ОДЛУКА** За постапување по решение број 10-2442/1 од 06.07.2026 год. Од АХВ и одредување на локација за сточни гробишта, од времен карактер……1
2. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Одлуката за постапување по решение број 10-2442/1 од 06.07.2026 година од АХВ и одредување на локација за сточни гробишта, од времен карактер…..…1
3. **СОДРЖИНА**.....1

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО